Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Р.Македонија“ бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија“ бр 89/22 и 171/22), **Општина Штип,** на ден 16.04.2026 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планската документација за Измена и дополна на Генеран Урбанистички План на Град Штип за блок СИ 02 и Детален Урбанистички План за урбана четврт СИ 02.04, Општина Штип, кој се носи согласно Генералниот Урбанистички План на Град Штип за 2014-2029 (одлука бр. 08-7987/1 од 31.12.2022 год.), важечки Просторен план на РМ, донесен на 11.06.2004 година од страна на Собранието на Република Македонија; Генерален Урбанистички План (ГУП) за град Штип за дел од четврт:СЗ 06, донесен со одлука бр. 08-7987/1 од 31.12.2022г.; Детален Урбанистички План за нас. Дузлак, Општина Штип со одлука бр. 0201-3821/1 од 16.12.1982год издаден со извод број: 18-6525/2 од 15.10.2025 год; Детален Урбанистички План на населба Баби 6 - 2003, Општина Штип со одлука бр. 07-2150/1 од 22.12.2004 издаден со извод број:18-6526/2 од 15.10.2025 год; Детален Урбанистички План Баби 5, Општина Штип, со одлука бр. 0201-3820/1 од 16.12.1982 издаден со извод број:18-6527/2 од 15.10.2025 год,; Измена и дополна на Детален Урбанистички План за дел од населба Баби 5 (месна заедница 9, дел од Урбано Подрачје 43), Општина Штип, со одлука бр. 08-2165/1 од 30.04.2020 год., не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животната средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планската документација за Измена и дополна на Генеран Урбанистички План на Град Штип за блок СИ 02 и Детален Урбанистички План за урбана четврт СИ 02.04, Општина Штип, нема да има влијание врз животната средина од следните причини:Целокупните активности во оваа област ќе се насочат кон обезбедување на непречен просторен развој, при што би се обезбедила квалитетна, здрава и хумана средина за живеење, престој и работа. Во границите на планскиот опфат се предвидени градби од класите: А-домување, Б - Комерцијални и деловни намени, В-Јавни институции Д-Зеленило и рекреација и Е-инфраструктура како и класи кои се компатибилни на основните класи. Основна цел на Изменувањето и дополнување на Генералниот Урбанистички План е ревидирање на намените на важечкиот ГУП и усогласување со реалните потреби и можности за развој. Деталниот Урбанистички План има за цел да изврши планско, програмско и нормативно усогласување на планскиот опфат со Измената на Генералниот Урбанстички План. Усогласувањето се однесува за клучните плански одредби во Изменувањето и дополнувањето на Генералниот Урбанистички План, со кои се уредуваат планскиот опфат, намената на земјиштето и објектите, регулационите линии, односно примарната мрежа на сообраќајници и комунални инфраструктури, како и за сите други нумерички плански параметри што се однесуваат на Урбаната четврт СИ 02.04. Врз основа на детална анализа на постојната состојба и дефинираните цели на развојот, што се детерминирани согласно ГУП за град Штип, во границите на планскиот опфат не постојат објекти кои би влијаеле на загрозувањето на животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.УП 1 бр.18/25-354
Штип
м-р СТ

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов

ОПШТИНА ШТИП